РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP
Примено / Pranuar: 13-03-2025
| Орг.Единица | Број / Numri | Прилог / Shtojce | Вредност / Vlera |
|---|---|---|---|
| 03 | 1062/1 | | |

**Burim Abazi**

**From:** Zalbi <zalbi@aspi.mk>
**Sent:** Wednesday, March 12, 2025 1:06 PM
**To:** b.abazi@dksk.org.mk
**Cc:** contact@dksk.org.mk
**Subject:** 08-95
**Attachments:** жалба 08-95.pdf

Почитувани,

До Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер доставена е Жалба заведена под бр.08-95 на 12.03.2025 година, од Барателот на информации [redacted], поднесена против Имателот на информации Државна комисија за спречување на корупцијата.

Согласно член 107 став 1 од Законот за општата управна постапка, во прилог Ви ја доставуваме предметната Жалба, со целокупниот пропратен материјал, со цел во рок од 7 дена од денот на приемот да се произнесете по истата и да ја доставите целокупната документација со која располагате, во врска со предметната Жалба.

**Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**
Бул. "Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: +389 (02) 3127 453
Факс: + 389 (02) 3118 038
веб страна: www.aspi.mk

Со почит,

**Agency for protection of the right to free access to public information**
A
d1000 Skopje, Republic of Macedonia
Bhone: +389 (02) 3127 453
Fax: + 389 (02) 3118 038
eweb site: www.aspi.mk

I
.
"
G
o
c
e

D
e
l

# Zalbi

**From:** Zalbi <zalbi@aspi.mk>
**Sent:** петок, 07 март 2025 15:01
**To:** [redacted]
**Cc:** 'contact@front.org.mk'
**Subject:** доказ

Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup
Примено / Pranuar: 12.03.2025

| Орг. Един. / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| --- | --- | --- | --- |
| 08 | 95 | | |


Почитувани,

Во врска со поднесената Жалба бр.03/2025/2/201и против Државна комисија за спречување на корупцијата, Ве молим да доставите доказ кога е примено Барањето од Иматело на информации.

Со почит,
Агенцијата

Архивски знак / Shenja arkivore
Рок на чување / Afati për ruajtje
Потпис / Nënshkrimi
____ 20__ година / viti

[redacted]

Скопје, 04.03.2025 година

**До:**

**Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**
Бул. "Гоце Делчев" бр.18 (зграда на МРТВ – 14 кат)
1000 Скопје
Република Северна Македонија

**Подносител:**
[redacted]
Република Северна Македонија

**Против:**
**Државна комисија за спречување на корупцијата**
Плоштад Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Врз основа на член 9 став (1) од Архуска Конвенција[1], член 20 став (3) и член 27 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[2] ја поднесуваме следната:

## ЖАЛБА

Почитувани,

На ден 31.01.2025 година до Државна комисија за спречување на корупцијата испративме Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер (наш арх. бр. 03/2025/2/192и), со цел да добиеме информации од јавен карактер во врска со постапување по доставена пријава.

Конкретно, [redacted] до Државната комисија за спречување на корупцијата достави Пријава поради сомнеж за корупција на лица од неколку државни и локални институции вклучени во незаконска приватизација на државно земјиште и овозможување на дивоградби, па следствено бидејќи не добивме информации во врска со преземени активности, баравме од Државната комисија за спречување на корупцијата да не информира за своето постапување во врска со доставената пријава.

***Доказ: Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државна комисија за спречување на корупцијата од ден 31.01.2025 година.***

---

[1] Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 40/99
[2] Службен весник на РСМ бр. 101/2019

[redacted]

Согласно член 3 став (1) алинеја 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е утврдено: "информација од јавен карактер" е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Согласно член 21 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер: Имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето.

Сепак, од приемот на Барањето за информации од јавен карактер на 03.02.2025 година, па до денот на поднесување на оваа жалба - 04.03.2025 година, до [redacted] не е доставен писмен одговор на поднесеното барање од страна на имателот на информацијата, иако е истечен законски предвидениот рок за доставување на бараните информации.

Имателот на информација кој располага со бараните информации е должен да ја достави и да постапи согласно член 10 став (1) алинеја 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, конкретно е должен да ја информира јавноста преку својата интернет страница со објавување на податоците од неговите надлежности кои ги извршува, односно му се утврдени со закон.

Со тоа што Државната комисија за спречување на корупција не ни овозможи пристап до бараните информации, ниту пак достави било каков Одговор на барањето во законски предвидениот рок, изрши повреда на член 4 од Архуската конвенција, како и на член 4, 12 и 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Врз основа на горенаведеното, предлагаме Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да му наложи на имателот на информациите, Државна комисија за спречување на корупција, во најбрз можен рок да ни овозможи пристап до бараните информации.**

Ве молиме најдоцна во рок од 15 дена од приемот, да донесете решение по оваа жалба, согласно член 27 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Однапред Ви благодариме за соработката.

[redacted]

03/2025/2/192и
31.01.25

[redacted]

31.01.2025 година, Скопје

**До: ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
Бул. Пресвета Богородица бр.3, 1000, Скопје

**Подносител:** [redacted]

Врз основа на член 4 и Член 12 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер[1], поднесуваме:

## БАРАЊЕ ЗА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**ВРСКА: Пријава поради сомнеж за корупција на лица од неколку државни и локални институции вклучени во незаконска приватизација на државно земјиште и овозможување на диоградби, доставено до Државна комисија за спречување на корупција од ФРОНТ 21/42 на ден 20.11.2024 година (наш архивски број: 03/2024/2/170и)**

Почитувани,
На ден 20.11.2024 година [redacted] до Државната комисија за спречување на корупцијата достави Пријава поради сомнеж за корупција на лица од неколку државни и локални институции вклучени во незаконска приватизација на државно земјиште и овозможување на дивоградби.

**Ве молиме да ни доставите информации дали Државната комисија за спречување на корупција постапила по горенаведената пријава и сите детали во врска со постапувањето.**

Ве молиме да постапите по ова Барање во најкус можен рок, а најдоцна 20 дена од денот на прием на истото, во согласност со Член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Ве молиме бараната информација да ни ја доставите на адреса: [redacted]2, [redacted]

Одговорно лице за контакт: [redacted]

Со почит,
[redacted]
Извршен директор
[redacted]

[1] Службен Весник на Република Северна Македонија бр. [redacted]

## Zalbi

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | вторник, 11 март 2025 17:08 |
| **To:** | Zalbi |
| **Subject:** | Доставување на докази за поднесена Жалба br.03/2025/2/201 од 04.03.2025 година |
| **Attachments:** | Потврда за прием на пратка 31.01.2025.jpg; Доказ за статус на пратка до Антикорупциска.jpg; Povratnica 03.02.2025.jpg |

Почитувани,

Ви се обраќаме во врска со поднесената Жалба бр.03/2025/2/201и од
04.03.2025 година против Државна комисија за спречување на корупцијата, во врска со која побаравте да доставиме доказ кога е примено Барањето од Имателот на информации.
Посочуваме дека на повратницата е ставен печат 03.01.2025 година, меѓутоа следејќи ја пратката на веб страната на Македонски Пошти, може да се утврди дека пратката е примена на 03.02.2025 година, за што во прилог Ви доставуваме доказ за потврда за прием на пратка, доказ за статус на пратка и самата повратница.
За дополнителни информации Ви стоиме на располагање.

Ви благодариме однапред на соработката.

Со почит
[redacted]

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by MailScanner, and is believed to be clean.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-1062/3
26.03.2025 г./v

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер прилог на Жалба заведен под наш архивски број 03-1062/1 од 13.03.2025 година, доставено од [redacted] го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер прилог на Жалба заведено под наш архивски бр. 03-1062/1 од 13.03.2025 година, доставено до ДКСК, **СЕ УВАЖУВА**.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер доставено од страна на барателот [redacted], заведен под наш архивски бр. 03-1062/1 од 13.03.2025 година со кое побара да и се достави информација дали Државната комисија за спречување на корупцијата постапила по горенаведената пријава и сите детали во врска со постапувањето по доставена пријава на ден 20.11.2024 година поради сомнеж за корупција на лица од неколку државни и локални институции вклучени во незаконска приватизација на државно земјиште и овозможување на дивоградби". Имателот на информации – ДКСК утврди дека располага со бараната информација.

По разгледување на барањето се констатираше следното: До ДКСК на 20.11.2024 година е доставена пријава од [redacted] со наводи за сомневање за незаконски спроведена приватизација на државно земјиште и овозможување на дивоградби во Охридскиот регион и известување доставена до ДКСК на 03.02.2025 година од [redacted] во врска со постапување на Инспекцискиот совет. По доставената пријава е оформен предмет бр. 12-2992/1 од 20.11.2024 година, по доставеното известување е оформен предмет со бр. 12-626/1 од 03.02.225 година. По извршена административна проверка во горенаведените предмети констатирано е дека се исполнети условите предметот со бр. 12-626/1 од 03.02.225 година да се спои со предметот бр. 12-2992/1 од 20.11.2024 година од причина

што двата предмета се однесуваат за ист предметен случај. Во врска со констатираното ДКСК ќе одлучува во единствена постапка во предметот со бр. 12-2992/1 од 20.11.2024 година.

Предмет на ова барање се информации за кои во моментот во ДКСК се води постапка. Имено согласно со постојната регулатива ДКСК постапува по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

Постапувањето по оформениот предмет е во тек, доставено е барање за прибирање на податоци и информации до надлежна институција, од која се очекува одговор. По утврдување на фактичката состојба ДКСК ќе донесе Одлука која согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ќе биде објавена на веб страницата на ДКСК во деперсонализирана форма а до подносителот на пријавата ќе се достави известување со прилог Одлуката.

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

**Изготвил:** Бурим Абази – Службено лице,
**Одобрил:** Адем Чулуљ – Генерален секретар,

Да се достави до:
- подносителот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 03-1062/2
19-03-2025 г./v.

**ДО: АГЕНЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН**
Бул. „Гоце Делчев" бр. 18
1000, Скопје

Предмет: **Одговор на жалба**

Врска: Ваш број: 08-95 од 12.03.2025 година.

Почитувани,

До Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК), од страна на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во електронска форма (преку е-маил) е доставена Жалба за произнесување по истата. Истата е заведена под наш архивски број 03-1062/1 од 13.03.2025 година.

Според наводите во Жалбата, барателот на ден 31.01.2025 година поднел барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое побарал информации за постапувањето по доставената пријава од страна на [redacted] Барателот наведува дека не добил одговор во законскиот предвиден рок и дека на тој начин му било оневозможено остварувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер.

Во врска со поднесената Жалба од барателот, би сакале да Ве информираме дека по спроведената внатрешна проверка, во рамките на нашата институција не можевме со сигурност да утврдиме дека предметното барање за пристап до информации од јавен карактер е заведено и официјално е примено од страна на ДКСК, што може да се должи на тоа што истата најверојатно е заведена во друга организациона единица или е доставена како прилог кон веќе постоечка пријава од страна на [redacted]

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во таа насока, сакаме да истакнеме дека ДКСК останува посветена на принципите на транспарентност и отчетност и ќе постапи согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Со оглед на тоа дека барањето за пристап до информации од јавен карактер е доставена во прилог на Жалбата, ДКСК ќе го разгледа предметното барање и ќе донесе соодветна одлука согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Претседател
Татјана Димитровска

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице,
Одобрил: Адем Чулуљ – Генерален секретар,